*Тања МИЛОШЕВСКА*

**УДК: 343.9.02:32**

# ПОЛИТИЧКО-КРИМИНАЛНА ПОВРЗАНОСТ

***Кратка содржина***

*Политичко-криминалната поврзаност, концентрацијата и фузијата на политичката и криминалната моќ, достигнува до највисоко ниво во многу нации-држави. Организираните криминални групи развиваат кооперативни односи со државните авторитети за да добијат пристап и да ги искористат политичките, економските и општествените инструменти на државата за сопствени цели. За да ја зголемат безбедноста на нивните операции, тие исто така се обидуваат да формираат договори со локалните и/или националните, политички и правни органи. Од своја страна, државните органи се стремат кон кооперативни односи со криминалните елементи од различни причини, како што се лична корист, за обезбедување гласови, финансиска добивка или за контрола на непријателите.*

*Во студијата се прави обид да се идентификуваат факторите кои го олеснуваат утврдувањето на политичко-криминалната поврзаност, како брзите технолошки промени, приватизацијата или политичката транзиција.*

*Целта на овој труд е да се утврди како овие односи се формираат, кои заеднички активности се преземаат за егзистирање на оваа поврзаност и да се утврдат методите за попречување на овој вид на политичко-криминална поврзаност.*

***Клучни зборови:*** *ПОЛИТИЧКО-КРИМИНАЛНО ПОВРЗАНОСТ, МОЌ БЕЗБЕДНОСТ, ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ, КОРУПЦИЈА*

## *Вовед*

Во овој труд се прави обид да се објасни зошто криминалното подземје е успешно во обезбедување илегални добра и услуги. Дали е тоа само поради својата организација или/и поради поддршката која ја има кај претставниците на власта и легитимниот бизнис?

За да се разбере зошто организираниот криминал успева и напредува во хаотични ситуации и зошто не може лесно да се контролира, мора да се прикаже поврзаноста со политичката моќ.

Криминализацијата на политиката не е нов феномен и посебен за Балканот. Многу земји се соочуваат со проблемот кога поединци со криминални досиеја стануваат избрани, или со политичари кои стануваат корумпирани во текот на нивниот мандат. Веројатно, за Балканот е карактеристично дека честопати криминалните активности се маскирани со етно-национализам како вулгарна форма на квази-патриотизмот. Во такви општества борбата против криминалот може лесно да здобие етничка конотација и да се трансформира во политичката циркулација. Отворениот конфликт станува неизбежен во моментот кога криминализираната политика наоѓа состојба на итност како идеално време за воено профитерство (Б. Ванковска, 2006).

Слабиот државен капацитет, особено застапен на местата погодени со сиромаштија и суровата социјална и економска транзиција, создава идеални можности за закоренување на криминалната мрежа, за нејзин незапирлив раст и нејзина симбиотска врска со државните структури. Таа закана понекогаш е до тој степен за да други држави евидентираат закани по нивната национална безбедност предизвикани од прибежиштата на такви „мафијашки републики“. Неадекватниот и криминален модел на приватизација и трансформација на општествениот капитал во РМ претставува моќен генератор за развој на структурите на организираниот криминал.

### *Политичко-криминална поврзаност*

Како што созрева пазарот на криминал, организираните криминални групи во Р. Македонија се обидуваат да ги консолидираат постојните активности, да ги прошират со други и да ги направат легитимни своите заработки и позиции во општеството. Корупцијата, на ниско и високо ниво, се покажува како главно средство за влијаење врз и навлегување во политичките и бизнис структурите. Моменталните напори против корупцијата предизвикаа зголемен број истраги и обвиненија во Македонија, но само неколку пресуди. Несоодветната и бавната трансформација на судството, обвинителството и полицијата во голема мера влијае врз интезивирањето и зголемувањето на формите на дејствување на организираниот криминал во Р. Македонија.

Појавата на корупциски афери во Македонија, Србија, Црна Гора, во Босна и Херцеговина потврдуваат дека процесите на транзиција во повеќето земји на Југоисточна Европа се пропратени со нус производи во об-

лик на криминализација на економските и политичките системи, и појава на сериозни проблеми во распределба на моќта во балканските транзиции. Во структурата на новоформираната демократија, која е во согласност со современите тенденции, политичките одлуки не ги донесуваат секогаш политичките институции како претставници на државата, иако тие се донесуваат во рамките на тие институции. Јавната политика се одвојува од јавното мислење и се појавува хроничен дефицит на легитимност на власта. Во деловите на политичкиот естаблишмент, поврзан со организираниот криминал, се создава атмосфера дека „целта ги оправдува средствата" или дека „сè е дозволено, што не е посебно забрането", што оди во прилог на создавање услови за легитимирање на корупцијата и организираниот криминал (A. Fatić, 2004).

Организираниот криминал не може да се развива без претходно корумпирање на политичкиот систем. Потребата да се корумпира политичкиот систем е толку очигледна што некои аналитичари ја застапуваат тезата дека организираниот криминал, всушност, се развива од традиционалната структура на комерцијално мотивираниот криминал кон т.н. воен ентитет против државата, чија основна цел е да ја принуди, подмити, кооптира или насилно да ја освои државата за непречена криминална трговија. (R. J. Bunker, 1998). Според тоа сфаќање, криминалната организација на новите генерации се состои од „полуполитички, полукриминални сили како доминантни закани за безбедноста". Криминалната организација „цвета" во глобалниот амбиент на неуспешни држави, во кои преовладуваат условите „ниту војна-ниту мир" (R. J. Bunker, J. P. Sullivan, 1998).

Криминализацијата на политиката во претконфликтниот период во Р. Македонија водеше директно кон политизација на криминалот во постконфликтниот период (Б. Ванковска, 2006).

Организираниот криминал упорно настојува да ги вовлече претставниците на органите на власта и другите институции во разни видови на корупција, за да се обезбедат одредени концесии или премолчена согласност за извршување криминални активности. Низ тој облик на односи меѓу шефовите на криминалните организации и претставниците на власта, расте моќта и угледот на носителите на криминалот, сметајќи дека „парите и богатството" се едно од главните „средства на угледот" во општеството, каде „никој не прашува за начинот како тоа богатство е стекнато". Со зајакнатата моќ се отвора можност за разни облици на притисок на безбедносните и заштитните механизми на државата (претставници на власта, полицијата, правосудството, финансиските институции и нивните инспекциски органи итн). Несомнено е дека криминалните организации ќе настојуваат да ги зајакнат и прошират своите незаконски можности, што води кон виртуелно дејствување на субнационални и транснационални крими-

нални групи, со посебен акцент за пронаоѓање поефикасни начини и методи за вршење на делата на корупција. Во иднина тие транснационални криминални групи ќе поставаат потешки предизвици за националната, регионалната и глобалната безбедност.

„Организираните криминални групи се здобиваат со заштита за широк ранг на криминални активности и со создавање на врски со државната безбедност и разузнавачките агенции, формираат автономни центри на моќ кои се имуни на кривично гонење и се способни да ги контролираат локалните политичари и да манипулираат со медиумите". (M. Dziedzic, L. Rozen, P. Williams, 2002). Во тие услови „криминалците" имаат сè она што на одредени политички елити им е потребно: способност за успешна злоупотреба на законите, правилата; подготвеност тоа да го направат за соодветна цена и способност да создадат високо ниво на незаконска заработка, моќ и политички кредибилитет. Овде се мисли на политичкиот кредибилитет кои власта го добива на изборите во соработка со криминалните организации, т.е. кредибилитет кој има своја цена, „се третира како вложување, односно капитал" (A. Fatić, 1999).

Организираните криминални групи се вклопуваат во комерцијалните (трговските) структури или се појавуваат во светот на бизнисот; способни се да применат насилство, тајност и корупција за да остварат профит и да осигураат своја контрола врз териториите, личностите и пазарите; способни се да се инфилтрираат во институциите на државата, како во царината, полицијата и правосудството, така и во националните парламенти.

Организираниот криминал прави обиди да се инфилтрира во политичкиот систем на земјата. Тоа е можно да се постигне на два начина:

1. Преку финансирање на политичките и предизборните кампањи на одредени кандидати и со корупција на гласачкото тело на изборите;
2. Со помош на корупција или застрашување на активните политички фактори.

Во овие случаи, кај организираните криминални групи постои намера својата економска моќ да ја трансформираат во политичка со крајна цел постигната политичка положба да ја искористат за зголемување на економската моќ. Овде доаѓа до повратно дејство на причина-последица која се манифестира низ акумулација на капиталот „преземен" од државата во рацете на криминалните групи. Со соодветни политички одлуки на носителите на организираниот криминал се заштитуваат и им се овозможува неказнето извршување на криминалните активности. Најопасниот облик на продирање на организираниот криминал во политичките структури на државата постои во случај на криминализација на поодделни членови на владата. Политичките одлуки донесени од страна на државниот врв

заради овозможување на активности на организирани криминални групи на тој начин стануваат „квазилегални", и имуни од санкциите на домашното право. Тоа слободно може да се нарече „државен криминал".

Посебен облик е инфилтрацијата на организираниот криминал во невладините организации. Тие на разни начини влијаат на политичките одлуки на земјата низ наводна борба за заштита на одредени права на одредени (интересни) групи. За својата работа тие добиваат пари, како од „своите влади", така и од земјата домаќин. Притоа се можни разни злоупотреби на финансиските средства на невладините организации поврзани со илегални, но и со легални работи на организираниот криминал. Развиени се разни махинации заради малверзација на тендерите на невладините организации (Љ. Стајиќ, 2005).

Како последица на претходно наведените активности и тенденции, организираните криминални групи стануваат неформални центри на финансиска моќ.

Инфилтрација на противправниот стекнат профит во финансиските и банкарските текови на земјата може да влијае на нејзината безбедност. Пропратна појава на илегално стекнатиот профит е „перењето пари". Овој феномен е во директна поврзаност со другите облици на загрозување на националната безбедност: тероризмот, корупцијата, недозволената трговија со дрога и оружје. Појавата на „перење пари" спаѓа во групата на безбедносни проблеми кои овозможуваат во блиска иднина да се случат уште поопасни појави на загрозување на безбедноста како на внатрешен, така и на меѓународен план.

Следниот проблем, од безбедносен аспект е поврзан со динамичната структура на организираните криминални групи. Имено, организационата структура на традиционалните криминални организации се заснова на пирамидален поредок со строга хиерархија и поделба на должностите (М. Бошковиќ, 1998). Со текот на времето се случија структурални промени: од една голема „пирамида" сега постојат повеќе мали „пирамиди" кои меѓусебно се поврзани со заеднички интереси. Претходниот поредок е заменет со хоризонтален. Промените произлегуваат од спроведените мерки за искоренување на криминалот и потребата за развој на внатрешни структури кои најмногу одговараат на конкретните криминални активности. Тоа може да има разни безбедносни импликации на националната безбедност:

- со време може да дојде до поделба на работите и териториите и во случај на разоткривање на една криминална група другите да останат заштитени;
- може да дојде до меѓусебни судири и вооружени пресметки меѓу припадниците на различните „кланови";

- мали се шансите за разоткривање на малите криминални групи;
- доаѓа до одвојување на легалните финансиски управувачки дејности од оние кои се поврзани со криминалните дејности, и др. (T. Heijden, 1998).

Организираниот криминал во современи услови со сите свои карактеристики и белези, со својата огромна виталност и флексибилност, со огромната финансиска и друга моќ што ја поседува, секако е еден од најсилните центри на моќ во сенка на легалните национални и меѓународни институции. Така, по серијата војни во регионот, феноменот на организираниот криминал доби исклучително поволен амбиент за своето дејствување и практично успеа да го постигне тоа што не им успеа на легалните државно-правни ентитети, а тоа е вмрежување и постигнување на респектабилно ниво на интероперабилност, што му овозможува брза трансформација зависно од политичката конјуктура и интезитетот на реакциите против службите за примена на законот (O. Bakreski, 2005).

Политичко-криминалната врска влијае врз пет аспекти на владеењето и тие се:

1. монопол на сила;
2. владеење на правото;
3. капацитет на администрацијата;
4. обезбедување минимум јавни добра и
5. менаџирање кризи.

Петте критериуми би морало да се применат во проценување на ефектите од политичко-криминалната врска врз демократијата, особено во земји за кои се претпоставува дека се во фаза на демократска транзиција (J. Bailey, R. Godson, 2000).

Во литературата постојат повеќе концепти поврзани со политичка корупција како што се „неопатримонијализам“, „клептократија“ и „султанизам“. Таквите изрази се олицетворение на режимите во кои политичките елити се збогатуваат на сметка на јавноста, во кои контролата над државните ресурси е главната награда во политичкиот натпревар, во кои бирократијата практикува лихварско однесување, во кои гласовите, поддршката и лојалноста се задржуваат со помош на мрежите патронот-клиент и во кои владеењето на законот потклекнува пред владеењето на парите и личните врски (J. Andvig, 2000).

Партиите се стремат да дојдат на власт не заради грандиозните политички начела, туку заради патронажата и материјалните добивки што доаѓаат со министерските портфолија.

Едниот приод е една партија да „преземе“ конкретна државна инс-

титуција откако одреден припадник на партијата ќе биде поставен за нејзин директор. Со други зборови, тоа значи дека сите клучни позиции во институцијата ќе бидат пополнети со партиски членови.

Втората тенденција е партиски контролираните државни претпријатија да се користат како лична сопственост на партиските членови. Во овој случај, партијата се „нафрла" врз ресурсите и средствата на претпријатието заради сопствена добивка или уживање.

Третиот пристап на корупцијата се гледа во процесот на приватизација. Искуството со приватизацијата во Македонија, е помалку од задоволително. Во оценката на екипата на Програмата на Организацијата на Обединетите нации за развој во Скопје „десетте години квазиприватизација" не донесоа ништо друго освен внатрешни кавги меѓу политичките партии, раководството и работничката сила и различните раководни групи. Онаму каде што имаше приватизација „единствена цел на оние однатре беше да станат сопственици на претпријатието, без да имаат било каква визија за неговата иднина". Во овој контекст, политиката надвладува над економијата (R. Hislope, 2001).

Неидентификувањето во првиот период на македонската транзиција на криминалните облици на „поддржавување" на општествениот капитал (станови, деловни објекти итн.), а потем и на неговата приватизација извршена од страна на државата, значително помогна за порастот на организираниот криминал (В. Камбовски, 2005).

Денес важен објект на опсервација треба да претставуваат злоупотребите што ги вршат политичките партии (финансирање, изборни кампањи) и преголемите дискрециони овластувања на извршната власт (нетранспарентно оттуѓување на државниот капитал, приватизација на јавните претпријатија, непреземање мерки за расчистување на криминалните случаи итн.).

Политичко-криминалната поврзаност, згуснувањето и соединувањето на политичката и криминалната моќ, сè повеќе достигнува до највисоките нивоа на многу нации-држави. Организираните криминални групи развија врски за соработување со државните авторитети за да добијат пристап и да ги искористат за свои цели, политичките, економските и социјалните механизми на државата. За да ја зголемат безбедноста на своите операции, тие, исто така, се обидуваат да развијат договори/спогодби со локалните и/или националните политички и легални авторитети. Додека, државните авторитети настојуваат да воспостават контакти за соработка со криминалните елементи од различни причини како што се личните бенефиции, обезбедување гласови, пари, или контрола на непријателите (H. Abadinsky, 2000).

Може да се каже дека во многу случаи раководителите на државни-

те и други национални лидери се организирани криминалци. Клептократските водачи ги префрлаат националните богатства на нивни лични банковни сметки и постапуваат со националните ресурси како свое приватно богатство. Дури и кога не се претставници на високи јавни функции, организираните криминалци стануваат толку влијателни што ги дестабилизираа новите демократии во Источна Европа и поранешниот Советски Сојуз и можат да го поткопаат суверенитетот на слабите нации во Западна Африка, Карибите и во Латинска Америка. Во САД, спроведувањето на законот и конгресните истраги открија блиски врски меѓу организираните криминалци и администрациите на Кенеди, Никсон, Реган и Клинтон (D. R. Liddick, 2004).

Организираниот криминал не познава никакви граници. Криминалните организации од овој вид настојуваат да се вградат во постојаниот систем и институциите што веќе остваруваат некаква по правило стопанска дејност. Овие организации остваруваат разни форми на влијание за да ги имаат во свои раце луѓето од државните органи и институциите надлежни за давање определени дозволи, кои ја водат стопанската политика и решаваат за покрупни стопански зделки. Тоа го прават на тој начин што инфилтрираат свои луѓе во највисоките органи на власта, со корумпирање на разни функционери.

Организираниот криминал е моќна закана по националната безбедност поради соучеството на државните структури во организираните криминални активности. Организираниот криминал се инфилтрира во владата, ги присвојува државните функции, и подоцна го неутрализира владеењето на правото. Најпосле ги поткопува/ослабува демократските институции, безбедноста и структурите за спроведување на законот и го оневозможува преминот кон слободна пазарна економија.

## *„Криминал на белите јаки“*

Дали можат државните органи да бидат сторители на кривични дела? На прв поглед прашањето е контрадикторно бидејќи државата треба да се бори против организираниот криминал, а не самата да го прави.

Интересно е да го споменеме „криминалот на белите јаки“, кој како професионален криминал го прават припадниците на повисоките, владеачките деловни кругови, користејќи ги влијанијата и врските во општеството за вршење кривични дела кои им носат огромна материјална корист, а на граѓаните и на општеството им носат огромна штета. Овој вид на криминал се среќава речиси во сите земји и за него е карактеристично дека се прави прикриено од страна на највисоките општествени слоеви со беском-

промисни измами и манипулации во областа на деловните трансакции. Значи основните карактеристики на овој вид криминал се ненасилно вршење на кривични дела во стопанскиот живот од страна на лица со висок социјален статус, кои можат да го искористат своето влијание за прекршување на правните прописи за да се здобијат со материјална корист, а да ја избегнат правдата (односно да ја избегнат кривичната одговорност). Ваквиот криминал најчесто се изразува во стопанското работење кога лажно се прикажува финансиската состојба, се прават махинации во врска со купувањето акции, се дава поткуп на деловни луѓе и на државни службеници, лажно се рекламираат стоки, се прават проневери, ненаменско трошење средства, даночни затајувања, лажни банкротства итн. Како извршители на вакви дела се јавуваат многу моќни луѓе кои заземаат високи општествени позиции во политиката, администрацијата, полицијата, судството и сл. (З. Матевски, 2006).

Причините за оваа појава во Р. Македонија се слични како и во другите земји во транзиција. Трансформацијата на поранешниот систем доведе до ново социјално раслојување, зголемена невработеност, влошени и несигурни услови за живеење и намерата одделни социјални групи да зафатат доминантни економски и политички позиции. Тоа доведе до неадекватно реагирање на државните органи и институции, непочитување на законот, губење на меѓусебната толеранција и појава на засилено поткупување и закани, како модел на однесување, кои во богатењето и профитот гледаат доминантна реализација на модерните вредности (З. Матевски, 2006).

Непосредните етиолошки фактори сепак треба да се бараат во сферата на брзите социјални промени и промените во економските и политичките односи, како и во интеракциските односи и врски на глобално ниво: миграциите, комуникациите, транспортот, финансиските текови итн. На порастот на организираниот криминал особено му погодуваат и факторите што се во непосредна врска со пазарот и функционирањето на државата. Слабоста во функционирањето на државата во основа произлегува од превласта на политиката над правото, од нефункционирањето на правната држава и непочитувањето на начелото на законитоста.

Организираниот криминал може да прерасне во закана за сувереноста на државата. Во најважните фактори прво го набројуваме „синдромот на слаба или нерешителна држава“, потоа „корупцијата на државната администрација“ и состојбата на голема правна празнина што објективно ја намалува способноста на државата да го контролира организираниот криминал. Последниот услов треба да се разликува зависно од ситуацијата во некои земји каде на некој начин е свесен избор на владеачката елита.

### *Криминал на злоупотреба на власта*

Криминалот на злоупотреба на власта е тесно поврзан со организираниот криминал и поради тоа заслужува посебна опсервација од аспект на: кругот на одговорните субјекти и законската одреденост на нивните должности и овластувања, релевантни за оцената за постоење на пречекорување и на злоупотреба на јавната функција. Од аспект на кругот на одговорните субјекти, денес сѐ порелативна станува поделбата меѓу злоупотреби на јавните овластувања и злоупотреби во приватниот сектор.

Од аспект на правните добра што се објект на напад на криминалот на злоупотреба на власта, се разликуваат:

- политички дела,
- дела на корупција и
- дела против слободите и правата на граѓаните (R. S. Titus, 2000).

Политичките дела имаат карактер на злоупотреба на овластувањата на највисоките државни функционери, кои уживаат материјално-правен имунитет и имаат за последица по правило политичка одговорност (оставка или разрешување). Поновата политичка историја на развиените држави бележи такви примери: аферите “Watergate” (афера на масовно поткупување, прислушување и контрола востановена од претседателот на САД на политичките противници и јавноста); “Iran-gate” од 1986 година (илегална трговија со оружје заради ослободување на американски заложници во Иран и користење на профитот од таа операција за купување на оружје за антикомунистичките бунтовници во Никарагва. Во Германија позната е аферата со финансирање на партијата на поранешниот германски претседател Кол од нелегални извори. Во нашата понова практика може да се спомне аферата „прислушување“ од 2000 год. со кое беа опфатени неколку стотини македонски политичари, интелектуалци и новинари. Основна карактеристика на ваквите „нови“ форми на политички криминал, наспроти традиционално сфаќање според кое концептот на политичкиот деликт се потпира врз политичкото опонирање на лица што се надвор од системот на власт, е дека се работи за мутација на политичката функција од страна на самите нејзини носители.

Вториот облик на криминал на злоупотреба на власта се состои во корупција, т.е. злоупотреба на јавните овластувања заради остварување на лична корист за себе или за друг (политичка партија, компанија итн.). Станува збор за деформација на смислата на јавната функција, која претпоставува нејзино вршење во општ, а не поединечен или личен интерес, со директни импликации врз ефикасноста и врз функциите на државата. Корумпираната државна структура се претвора во директен противник на општес-

твото и на неговиот развиток, а спротивноста меѓу државата и општеството предизвикува длабоки социјални, економски и безбедносни потреси, што може да ескалираат и до целосна социјална дезорганизација и аномија.

Третиот облик на криминалот на злоупотреба на власта има за последица повреда или загрозување на индивидуалните слободи и права во подрачјето на законските, службените овластувања на сторителите на таквите дела. Се работи за дела извршени од сторители кои имаат мандат да одлучуваат за остварување или користење на правата (донесување различни акти од страна на службени лица за одземање на права, признавање на права, неовластено или неосновано лишување од слобода, приведување, примена на тортура или воопшто злоупотреба на полициски овластувања итн.) (В. Камбовски, 2005).

Посебно прашање е прашањето за контролата, за откривањето и за гонењето на делата на злоупотреба на власта, со оглед на фактот дека честопати тие функции се концентрирани во рацете на самите сторители на овие дела. Системот на заштита од гонење е идентичен со организираниот криминал и се состои во обезбедување на фактички имунитет по пат на политичко-партиско влијание, политичка уцена, корупција, непотизам итн. Последица на таквиот имунитет е „опструкција на правдата“, феномен кој заслужува посебно внимание во борбата против организираниот криминал. „Опструкцијата на правдата“ ја налага потребата од дефинирање на посебна стратегија за борба против криминалот на злоупотреба на власта, што покрај казненоправните и други правни инструменти (антикорупциско законодавство, евиденција на имотната состојба на носителите на јавни функции), треба да се потпира и врз нови институционални решенија во политичкиот систем (независно судство и јавно обвинителство, департизирана полиција), правниот и судскиот систем (инструменти за итна и непосредна заштита на човековите слободи и права во случај на повреда), како и врз транспарентно вршење на јавните функции и одговорност на нивните носители, обезбедени со активно вклучување на граѓанскиот сектор и медиумите во контролата врз власта.

## *Заклучок*

Организираниот криминал е динамичен концепт кој продолжува да се адаптира на постојаните промени на средината и на новите можности за криминал. Организираните криминални групи се здобиваат со заштита за широк ранг криминални активности и со создавање врски со државната безбедност и разузнавачките агенции, формираат автономни центри на моќ кои се имуни на кривично гонење и се способни да ги контролираат локал-

ните политичари и да манипулираат со медиумите.

Организираниот криминал со различни методи настојува да стигне до највисоките органи на власта и до другите значајни субјекти, за да обезбеди поголеми отстапки, адекватна заштита и општествен статус за шефовите на криминалните организации. Со своето дејствување организираниот криминал всушност го овозможува создавањето на современи успешни криминалци кои врз основа на стекнатата слава и моќ постигнуваат одреден општествен углед кој дејствува на органите на власта, полицијата, правосудството, медиумите и другите субјекти.

Политичката-криминална поврзаност е симптом на слабо државно раководење. Државите со капацитативни слабости и функционални пропусти, неможности за исполнување на типични функции на една ефективна држава и држави со високо ниво на корупција кај политичките елити се идеални за продор на организираниот криминал. Во случаите кога организираниот криминал развива симбиотичка врска со политичките елити се воспоставува политичко-криминална врска, а тие држави се нарекуваат „заробени“. Во поголем број случаи, проблемот не е само организираниот криминал туку неефективно, неспособно и несоодветно државно раководење. Организираниот криминал повеќе е симптом на подлабока слабост отколку независен проблем. Тој овозможува незаконска форма на раководење која поради личниот интерес, настојува да ја зачува државната слабост преку спречување на развиток на едно соодветно државно раководење.

### *Литература*

Vankovska, Biljana., (2006), “The Impact of conflict and Corruption on Macedonia's Civil-Military Relations”, in Born Hans (ed), “Civil-military relations in Europe: Learning from crisis and institutional change”, Routledge, Taylor & Francis Group, UK.

Fatić, Aleksandar ., (2004), “Terorizam i organizovani kiriminal posle 11 septembra 2001 godine”, Vojno Delo, Vojnoizdavacki zavod, br 3.

Bunker, Robert J., (1998), “Challenging the United States Symmetrically and Asymmetrically: Can America Be Defeated? US Army War College’s Ninth Annual Strategy Conference.

Bunker, Robert J. & Sullivan, John P., (1998), “Cartel Evolution: Potentials and Consequences”, Transnational organized Crime, vo. 4, no. 2.

Dziedzic M, Rozen L, Williams P., (2002), “Lawless Rule Versus Rule of Law in the Balkans”, United States Institute of Peace Special Report, no. 97.

Fatić, Aleksandar., (1999), *"Novi međunarodni odnosi"*, Službeni list, Beograd.

Стајиќ, Љубомир., (2005), “Основи безбедности”, Факултет Цивилне одбране, Драганић, Београд.

Бошковић, Мићо., (1998), “Организовани криминалитет (други део)”, Полицијска академија, Београд.

Heijden, T., (1998), “Merenje organiziranega kriminala v zahodni Evropi”, Proučevanje in primjeralni vidiki policijske dejavnosti v svetu, Visoka policijsko-varnostna škola, Ljubljana.

Bakreski, Oliver., (2005), “Koordinacija na bezbednosnata zaednica vo Republika Makedonija”, Filozofski fakultet, Skopje.

Bailey, John and Roy Godson., (2000), “Introduction in Organized Crime and Democratic Governability: Mexico and the U.S.-Mexican Borderlands”, ed. John Bailey and Roy Godson. [Pittsburgh]: University of Pittsburgh Press.

Andvig, Jens., (2000), *"Research on Corruption: A Policy-Oriented Survey"*, NORAD, http://www.transparency.org/.

Hislope, Robert., (2001), “The Calm before the Storm? The Influence of Cross-Border Networks, Corruption, and Contraband on Macedonian Stability and Regional Security”, Annual Meeting of American Political Science Association, San Francisco, California.

Камбовски, Владо., (2005), „Организиран криминал“, 2-ри Август Штип, Скопје.

Abadinsky, Howard., (2000), “Organized crime”, 6$^{th}$ ed., Nelson-Hall, Chicago.

Liddick, Donald R., (2004), “The Global Underworld-Transnational Crime and the United States”, Praeger Publishers, Westport, Connecticut.

Матевски, Зоран., (2006), „Социолошки аспекти на организираниот криминал и корупцијата“.

Titus, Reid, Sue., (2000), “Crime and Criminology”, Ninth Edition, Boston.

*Tanja MILOSHEVSKA*

# POLITICAL-CRIMINAL NEXUS

***Abstract***

*A political-criminal nexus, the concentration and fusion of political and criminal power, is increasingly reaching the highest level of many nation-states. Organized crime groups develop collaborative relationships with state authorities to gain access to, and to exploit for their own purposes, the political. Economical and social apparatus of the state. To increase the security of their operations, they also try to develop arrangements with local and/or national, political and legal authorities. For their part, state authorities seek cooperative relationships with criminal elements for various reasons such as personal benefits, securing votes, money, or to control enemies.*

*The study seeks to identify the factors that facilitate the entrenchment of the political-criminal nexus, such as rapid technological change, privatization or political transition.*

*The objectives of this paper are to determine with precision how this relationships are established, what collaborative activities are undertaken by this nexus, and to identify the methods of disrupting this ties.*

***Key words:*** *POLITICAL-CRIMINAL NEXUS, POWER, SECURITY, ORGANIZED CRIME, CORRUPTION*